Врз основа на член 26 од Статутот на Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија, Управниот одбор на GS1 Македонија, на седницата одржана на 02.04.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воведување на систем на акредитација**
**за членките на GS1 Македонија**

Член 1

Се започнува со воведување нов модел на промоција на успешноста и деловната етика на членките на GS1 Македонија – системот на акредитација, како доказ за бонитетот на фирмата-членка на GS1 Македонија во Меѓународниот GS1 систем и за легитимно користење на доделениот Единствен матичен GS1 број за баркодирање на нивните производи и услуги во националниот и меѓународниот трговски синџир, во времетраење од 12 месеци.

Член 2

Право на цертифицирана акредитација во GS1 системот – GS1 Македонија, GS1 in Europe и Меѓународната GS1 Организација имааат сите членки на GS1 Македонија, освен оние кои се во стечај или ликвидација, исклучени од членство или го откажале членството во GS1 Македонија, избришани од Меѓународната база на податоци - електронскиот регистар GEPIR, со непријавена статусна промена во задните две години, односно со неподмирени или нередовно подмирени обврски кон GS1 Македонија по основ на членарина.

Член 3

GS1 Македонија писмено ја известува фирмата која ги исполнила условите за акредитација и ѝ доделува плакета - Акредитација за цертифицирано деловно користење на доделениот GS1 број, со втиснат сув жиг.

Член 4

GS1 Македонија доделува плакета - Акредитација и за долгогодишно цертифицирано деловно користење на доделениот GS1 број и посебни заслуги за развој на националниот GS1 систем и системот за стандардизизација на производите и услугите во Република Македонија.

Член 5

Финансиските средства потребни за реализација на системот на акредитација паѓаат на товар на GS1 Македонија.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на WEB страната на GS1 Македонија.

Бр. 47-13/4
02.4.2007 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Бранко АЗЕСКИ